ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА НА
УМЕТНОСТА СО АРХЕОЛОГИЈА

Дафина ГЕРАСИМОВСКА

# ДОЦНОРИМСКИ КУЌИ ВО СТОБИ

На патот кој води од Скопје кон Солун, помеѓу коритата на Вардар и Црна Река, таму каде што нивните води се соединуваат стои античкиот град Стоби. Затворени во неговите ѕидини се издигале и сè уште опстојуваат меѓу остатоците од базиликите, термите и неколку репрезентативни антички куќи за живеење на богатиот римски слој. Ископувани во најголема мера пред Втората светска војна биле изложени на девастација такашто најчесто недостасуваат горните слоеви со што е оневозможено следењето на нивната стратиграфија. Кратките извештаи од предвоените ископувања ни пружаат само скудни податоци. Со повторните ископувања започнати од 1954година и особено меѓу 1970-1978година, главно со заштитен и конзерваторски карактер, иако е интервенирано на неколку станбени објекти (куќата на Полихарм, куќата на Перистерија, Домус Фулоника) тие повторно остануваат во сенка на сакралните објекти.

Овие објекти за живеење се подигнати во времето на Реставрацијата која следи после разорувањата на градовите во втората половина на 3.век. Станува збор за т.н. куќи на Партениј, Полихарм, Перистерија, т.н. Домус Фулоника и т.н. Епископска резиденција. Поради својот обем, изобилство на декорација и раскош стобските куќи многу често се именуваат како палати. Меѓутоа очигледно е дека тоа не се палати-дворци туку богати куќи за живеење од типот на оние кои ги среќаваме во Северна Африка, во Волубилис, Тимгад, Картагина, Лептис Магна, чии сопственици му припаѓале на богатиот римски слој којшто можел да си дозволи изградба на вакви луксузни домови.

Своите имиња објектите главно ги добиле според некој наод во нив како на пример монограмот на Партениј, мозаикот со натпис во кој се споменува името Перистерија, натписот со името Полихарм печатениот прстен со иницијалите ГР[1]. Повеќето од нив до сега беа погрешно интерпретирани како текстилна работилница, односно куќа

1. И. Микулчиќ, Елаборат за конзервација и презентација на текстилната работилница во Стоби, Н.М. Одбор за Стоби, Титов Велес, декември 1978, 10 (необјавено).

на ткајачот или Домус Фулоника, како затвор иако станува збор за составен дел од куќата на Партениј. Така еден објект е именуван со повеќе имиња од различни и исти интерпретатори.

1. Т.н. куќа на Партениј е подигната на терен кој се спушта од север кон југ, заради што нејзиниот северозападен дел бил засечен во падината до 3м длабочина. Целата површина на куќата е оформена на една нивелета со исклучок на северозападните анекси на перистилот нивелирани за 0,50м повисоко. Основата на куќата има форма на квадрат со површина од околу 3250м². Се состои од неколку архитектонски целини (сл.1):

I. Перистил со придружните простории (1-13);

II. Триклиниум со околните простории (14-24);

III. Источни простории со т.н. „атриум" (25-28);

IV. Јужен репрезентативен дел (29-41) и

V. Економски дел (42-56).

Перистилот и триклиниумот со просториите кои гравитираат кон нив заедно со источните простории го сочинуваат северниот репрезентативен дел. Јужната четвртина се издвојува концепциски повторувајќи ги сите елементи од преостанатиот репрезентативен дел, но со намалени димензии[2]. Југозападниот економски дел кој се состои од дворови, магацини, работилници и други помошни простории не е целосно откопан и од интерпретаторите неоправдано изоставен од приказот на куќата како целина[3]. Куќата била снабдена со водовод и канализација.

Т.н. куќа на Партениј најверојатно имала и кат кој се состоел од две одделни градби на североисток и југозапад од големиот перистил, а кои комуницирале меѓу себе преку надворешните галерии[4](сл.2).

Подовите се во добра состојба. Покриени се со мали прецизно исечени плочи од мермер или камен и со мозаици. Ѕидовите биле украсени со фрески, мозаици и штукодекорација.

Во големиот перистил со анексите и во малиот перистил е сочувана камената архитектонска пластика. Од 12 столбови во големиот и 6 во малиот перистил се сочувани нивните бази, делови од стеблата и повеќе капители. Столбовите во големиот перистил носеле архитрав (сл.3), а во малиот аркада (сл.4). Базите на столбовите се од јонски тип и тука се употребени како сполии од различни постари

2. Постарите истражувачи го издвојуваат јужниот дел како гинеконитис во рамките на единствениот објект, додека Џ. Вајсман го издвојува како одделна градба.

3. Само В. Петковиќ во: Историско уметнички музеј у 1931 години, Годишњак Српске краљевске академије XI, Београд, 1932, 224, забележал дека се тоа простории кои и припаѓаат на куќата, додека Џ. Вајсман во: Стоби, водич кроз антички град, Београд 1973, 55, го споменува овој дел како затвор.

4. E. Kitzinger, A Survey of the Early Christian Town of Stobi, DOP 3, Washington, 1946, 121.

градби. Стеблата на столбовите потекнуваат исто така од други постари градби. Особено впечатливи се неколкуте стебла со 24 спирално тордирани канелури. Со нив стилски се поврзуваат и гаргулите од фонтаната во големиот перистил како и капителите (сл.5) врз кои налегнувал архитравот. Овој начин на декорирање доаѓа од просторите на Мала Азија и Сирија и се шири на запад во медитеранските земји во времето на Северите (крај на 2. - почеток на 3.век) за да исчезне после Тетрархијата освен некои осамени примероци кај мал број ранохристјански базилики[5]. Ориенталните влијанија се видливи и во декорирањето на оградните плочи од фонтаната на овој перистил во чија декорација се среќаваат стилизирани форми на цвеќиња, школки како и амфората како симбол на Самаријаните.

Репрезентативниот изглед и припаѓа на протогената фаза на куќата датирана во почетокот на 4.век, квалитетно изградена од едри парчиња кршен камен и варов малтер. Во втората градежна фаза куќата била преградена во помали простории, со примитивни ѕидови без малтер и без фундирање[6]. Како трета градежна фаза Петковиќ споменува повеќе примитивни куќи на просторот врз урнатините на палатата во кои живееле сточарите со своите стада [7]. Ова се случило во средината на 5. и доцниот 6. век.[8]

2. Т.н. куќа на Перистерија се наоѓа североисточно од куќата на Партениј на терен кој паѓа од север кон југ, такашто и овде северниот дел е засечен во падините околу 2м. Комплексот е граден и доградуван во повеќе етапи[9].

Основата на куќата има форма на трапезоид со површина од околу 1385 м². Комплексот се состои од неколку целини (сл. 6):

I. Главен станбен дел (1-10);

II. Мала трпезарија со вестибул (11-13);

III. Бања со санитарен јазол (14-19);

IV. Економски дел (20-46) и

V. Дуќани (47-49).

Главниот станбен дел кој зафаќа 3/4 од југоисточниот простор го сочинуваат асиметричниот перистил со фонтана (сл.7) и со два триклиниа, простории од интимен карактер и јужниот двор.

Куќата била снабдена со водовод и канализација.

---

5. И. Николајевић во Рановизантиска архитектонска декоративна пластика у Македонији, Србији и Црној Гори, Београд, 1957, 16 ги растега временски до крајот на 4. и почеток на 5.век.

6. В. Петковић, Историјско-уметнички музеј у 1927 години, Годишњак Српске краљевске академије XXXVIII, Београд,1928, 190

7. ibid.

8. Д.Герасимовска, Антички куќи во Македонија, Скопје,1996,65.

9. ibid.,44.

Подовите на трпезариите биле покриени со мозаици. Југозападниот триклиниум бил украсен со октогонална фонтана, компонирана во мозаичниот под.

Целиот објект бил подигнат едновремено во првата половина на 4.век[10]. Веќе во истиот век претрпел извесни преградувања видливи особено во термалниот дел. Кон крајот на 4. и почетокот на 5.век големиот триклиниум го добил подниот мозаик и веднаш до него бил подигнат уште еден триклиниум. Тогаш бил видно изменет и перистилот со подигање на висок ѕид наместо протогениот стилобат. Во средината на 5.век куќата била деградирана, а веќе во доцниот 5.век испреградена со примитивни ѕитчиња карактеристични за овој период.

3. Т.н. куќа на Полихарм е прилепена до југозападниот ѕид на Синагога-базиликата. Подигната е на различни нивелети на терен кој благо се спушта од север кон југ.

Куќата има основа во форма на правоаголник со површина од околу 720 м$^2$. Таа продолжува кон југоисток но во овој правец не е откопувана. Се состои од неколку целини (сл.8):

I. Главен дел (1-6);

II.Јужни простории (7-12);

III. Западни, влезни простории (13-16);

IV.Источен, неоткопан дел (17-18).

Главниот репрезентативен простор го сочинуваат: малиот, луксузен перистил и триклиниумот со околните простории кои гравитираат кон него (сл.9,10). На западната страна од дворот се наоѓа фонтана, а спроти фонтаната на исток бунар.

Подовите биле покриени со камени плочи или мозаици (во тремовите, триклиниумот и екседрата). И овде триклиниумот е збогатен со октогонална травертинска фонтана.

Куќата на Полихарм добивала вода од главниот крак на градскиот водовод, а отпадните води истекувале во градската канализација.

Врз основа на пронајдените делови од керамика и монетата од Лициниј (308-324година) куќата е датирана во почетокот на 4.век[11]. Во доцниот 4. и 5.век била испреградена со примитивни ѕидови. Кон средината на 5.век оваа куќа веројатно настрадала во пустошењата на Хуните. Многу подоцна во рамките на едно широко обновување во доцниот 5.век, сопственикот на куќата, бездруго високо црковно лице, нарачал мозаици со христијански дух во триклиниумот и екседрата[12].

---

10. V. Sokolovska, Investigations in the House of Peristerias, Studies of the Antiquites of Stobi II, Beograd,1975, 123-141.

11. J. Wiseman-Mano-Zissi, Dj.,Excavations of Stobi, 1970,AJA, 75-4, Boston, 1971, 407.

12. Р. Пашиќ- Винчиќ, Археолошки испитувања на полихармосовата палата-резиденција на црковните великодостојници во Стоби, Зборник на археолошкиот музеј IV-V (1961-1966), Скопје, 1966, 71; Д. Герасимовска, op.cit. 86.

4. Т.н. Домус Фулоника се протега на терасата северно од Епископската базилика. Бидејќи терасата паѓа косо кон југоисток градбата била подигната на различни нивелети.

Куќата се состоела од централен перистил и два триклинија поставени еден спроти друг. Околу нив биле концентрирани останатите простории. Просториите можат да се групираат во неколку целини (сл.11):

I. Просторот на перистилот (9,10,12,13,15-18,19,28,29,30);

II. Западно крило со големиот триклиниум (1-9,21,22);

III. Источно крило со малиот триклиниум (27,31,32) и

IV. Југоисточно крило (2-8,11,14,20).

Во просторијата северно од големиот триклиниум се наоѓал хипокаустен систем за загревање. Домус Фулоника не била снабдена со водоводна мрежа од причини што лежи на нивелета повисока за околу 1,5м од доцноантичката водоводна жила која водела од Порта Хераклеја во правец на Виа Сакра. Раноримскиот бунар кој се наоѓал во дворот ги снабдувал жителите само со индустриска вода, а во постурбаната фаза за апсорбирање на отпадните води. Трагите од канализација и припаѓаат на постурбаната фаза.

Во доцниот 3.век била подигната монументалната доцно римска куќа. Веќе во средината на 4.век куќата доживеала реконструкција при што биле проширени со длабоки потковичести апсиди и двата триклинија (сл.12,13).

Во својата трета фаза на живеење на крајот од 4.век Домус Фулоника била запуштена и делумно руинирана. Биле оформени повеќе станбени целини кои им припаѓале на неколку семејства.

Во средината на 5.век куќата била целосно уништена[13]. Таа повеќе не била обновувана. Над урнатините биле подигнати мали куќи и колиби градени претежно од плитар. Оваа постурбана фаза егзистирала во текот на 5. и дел од 6.век[14].

5. Т.н. Епископска резиденција се наоѓа североисточно од платото на кое се простира Епископската базилика, на нивелета за 2,5 до 3м под нивото на Виа Сакра.

Куќата има скоро квадратна форма со површина од околу 400м$^2$. Се состои од голема централна просторија со апсида, околу која се распоредени помали простории на кои се надоврзува лонгитудинален трем кој води кон улицата(сл.14). Објектот продолжува на северозападната страна под Епископската базилика. Репрезентативната трпезарија била декорирана со богата штукодекорација[15].

13. И. Микулчиќ, Некои нови моменти од историјата на Стоби, Студии за старините на Стоби III, Титов Велес, 1981, 210.

14. И. Микулчиќ, Елаборат за...

15. Ѓ. Мано-Зиси, Стукатура у Стобима, Зборник радова Народног музеја III (1960-61), Београд, 1962,105.

Резиденцијата била подигната веројатно во текот на 4.век. Својот монументален изглед го постигнала во првата половина на 5.век со раскошната штукодекорација. Во средината на 5.век објектот бил урнат. Ѕитчињата без малтер говорат за обновување на животот на овој простор, меѓутоа оваа архитектура е далеку зад монументалната фаза на објектот[16].

Сите споменати објекти, подигнати во текот на 4.век се градени како квалитетни градби од делкан камен кој доминира и тула која има секундарна улога.

Куќите се прилагодени кон теренот, благо експонирајќи се во него. Во оформувањето на артикулацијата на овие градски куќи е очигледна хеленистичката традиција.

- Тие се редовно свртени кон внатрешноста. Ваквата интровертна ориентација на просториите е општо обележје за целиот антички свет. Херметички затворена кон соседите и улицата, а расчленета кон внатре куќата ја чувала интимноста на домашниот живот.

- Во приземјето на некои од нив (куќата на Перистерија и Домус Фулоника) се наоѓаат табернае ориентирани кон надворешноста, кон улицата.

- За сите споменати куќи, со исклучок на т.н. Епископска резиденција, е карактеристичен централниот перистил со тремови на столбови и мозаични подови (куќите на Партениј и Полихарм) или поплочени со квадратни плочи (куќата на Перистерија и Домус Фулоника). Тие изобилувале со бујна вегетација и декоративни елементи (столбови, оградни плочи, скулптури) за кои биле употребувани ранорамски сполии.

- Заедничко обележје на овие перистили се богато декорираните фонтани со базени на повеќе нивоа и ниши украсени со мозаици и скулптури. Заради неможноста да биде снабдена со вода како резултат на високото ниво на терасата на која е подигната Домус Фулоника, таа била лишена од овој декоративен елемент. Фонтаната е изоставена и во концепцијата на т.н. Епископска резиденција која во многу нешто отстапува од планот на куќите во Стоби. Но таа не изгубила од својата убавина заради отсуството на перистил и фонтана. Перистилот го заменил долгиот трем со лачна екседра, којшто ја поврзува куќата со улицата во единствена естетска целина.

Присуството на перистил украсен со фонтани, кои пријатно жубореле и освежувале, скулптури и изобилство на вегетација го среќаваме во целиот медитерански свет, во Ефес, Пергамон, Олинт, Атина, Тимгад, Волубилис, Антиохија, Типаса, Помпеи, Херкуланеум.

16. Д. Герасимовска, op.cit. 110

- Следната карактеристика на доцноримските куќи во Стоби би биле векелепните триклинија ориентирани кон перистилите. Некои од куќите поседуваат по два триклинија (куќите на Партениј, Перистерија, Домус Фулоника). Скоро сите завршуваат апсидално и имаат богато декорирани подови и ѕидови. Овој раскош е збогатен и со октоаголните фонтани во средишниот дел од триклинијата на куќите на Перистерија и Полихарм.

Апсидалните триклинија се вообичаени за Ориентот. На Балканот се почести триклинија со една апсида за разлика од триконхалните триклинија специфични за Италија, Франција, Шпанија и Северна Африка. Просторијата со апсида по средината на оската во дното на перистилот, како церемонијална сала, останува присутна низ целиот касноантички период.

Особено впечатливи и неповторливи се двата триклинија во Домус Фулоника со своите длабоки потковичести апсиди.

- Повеќето од стобските куќи поседуваат раскошни екседри, отворени кон споменатите перистили и богато декорирани со подни мозаици и ѕидни украсни елементи.

Поголемите фамилии, со повеќе послуга имале потреба од повеќе простории така што нивните куќи поседувале и кат каде што биле сместени спалните и други тивки простории за живеење (куќите на Партениј, Полихарм, Перистерија).

Доцноримските куќи во Стоби, покажуваат висок стандард на живеење, пространи се, чисти, опремени со бањи и тоалети, а некои и со хипокаусти за загревање во зимскиот период (Домус Фулоника). Таму каде што условите дозволуваат се снабдени со водовод и канализација.

Куќите во Стоби немаат вестибул, атриум, таблинум како главна просторија. Тие се ослободени од строгата аксијална поставеност на просториите со што ги кршат строгите римски норми за концепцијата на општиот тип на семеен станбен објект во римската епоха, домусот. Меѓутоа со сите свои елементи куќите во Стоби не би можеле да се поистоветат ниту со грчкиот тип на куќа, наречен пастас ниту со типот простас. Кај нив е видлива една синтеза на грчки и римски карактеристики. Елементите од хеленистичката куќа со својот перистил, се прилагодени кон римскиот начин на живеење, здружувајќи се со елементи од римската куќа. Овие раскошни куќи, создадени како резултат на таквата синтеза на грчки и римски карактеристики, задржувајќи ги пред сè основните обележја специфични за целиот антички свет, како што е интровертираноста кон надвор и издвоеноста на андронитис и гинеконитис, ги поседуваат сите елементи на резиденцијални објекти на најбогатиот римски слој, предвидени за престој во текот на целата година.

Своите најблиски аналогии ги наоѓаат во градовите на Северна Африка во кои се откриени голем број богати римски куќи кои го избегнуваат строгиот аксијален план, немаат атриум, а перистилот е основен простор кон кој гравитираат сите останати простории[17]. Тој овозможува слободно струење на воздухот и поставување на украсни елементи во еден слободен простор, оставајќи впечаток на исполнетост со светлина особено впечатливо кај куќите во Птолемаис. Тие изобилуваат со сенчести простори, а во некои од нив заради подобро ладење се наоѓаат подземни перистили и простории[18]. Вакви вкопани простории среќаваме и во Стоби (во куќата на Партениј). Побогатите куќи поседуваат повеќе внатрешни, отворени простории што овозможуваат поголемо продирање на светлината (Тимгад, Кујкул). Овие куќи на богатите граѓани и патриции со своите раскошни градини и многу дворови, покриваат и по цели инсули.. Очигледно, градителите во Стоби црпеле искуства од споменатите африканско-римски куќи. Влијанијата од Северна Африка се видливи и кај повеќето мозаици, а оттаму била увезувана скоро целата луксузна стока од 4.-6.век[19].

Корените на оваа прастара станбена форма нè носат на Исток во малоазиските простори. Оттаму, доживувајќи своја еволуција се модифицирале и се прилагодувале кон климатските услови на определени предели и потребите на определен народ. Оваа форма на куќи со внатрешен перистил успеала и пред налетот на супериорната римска цивилизација да преживее во источните провинции и Северна Африка. Во времето на големата Реставрација оваа форма продира и на Балканот, станувајќи основен тип на богата градска куќа. Сето ова се вклопува во општите културни текови од тоа време на овие простори, бидејќи Македонија како нераскинлив дел на источно-медитеранскиот свет била постојано изложена на сите културни стремежи и новини што оттаму струеле и кон Балканот.

Сите наведени доцноримски куќи во Стоби имале слична судбина. Во доцниот 4.век биле напуштени од сопствениците, испреградени со примитивни ѕидови во помали станови и населени од армија нови жители, со што ја изгубиле својата ексклузивност и повеќе не го достигнале својот некогашен сјај. Ова е највпечатливо кај т.н. Домус Фулоника[20]. Во средината на 5.век, веројатно при наездата на Ху-

17. R. Rebuffat, Maison à péristyle d'Afrique du Nord, répertoire de plans publies, Mélanges d ' archéologie et d'histoire, LXXXI-2, Paris,1969, 659-724; id. Maison àpéristyle d' Afrique du Nord, répertoire de plans publies II, Mélanges de l ' École Française de Rome, antiquité, 86-1, Paris, 1974, 445-499.

18. A.G.Mc.Kay, Römische Häuser, Villen und Paläste, Atlantis 1984, 173.

19. I. Mikulčić, Frühchristlicher Kirchenbau in der S.R.Makedonien, XXXIII Corso di cultura sull 'arte ravennate e Bizantina (Ravenna, 15/22 narzo 1986), Ravenna 1986, 230

20. Id. Der Untergang der Paläste im Spätantiken Stobi, Nordmakedonien, (Sympozium Palast und Hüte, Berlin, Nov. 1979), Mainz, 1982, 535-554.

*Технички цртежи: С.Герасимова-Матеска

ните во 447 година, биле разорени и запалени, а над нивните урнатини биле подигнати мали куќи и колиби. Монотонијата ја разбивале само објектите кои што биле во функција на христијанската религија.

Dafina GERASIMOVSKA

## THE LATE ROMAN HOUSES IN STOBI

(Summary)

The richest archaeological site with excavated housing facilities is Stobi. Most of them belonged to the aristocracy. Such examples include the Late Roman House of Parthenius, the House of Polycharmus, the House of Peristeria, the so-called Domus Fullonica and the so-called Episcopal Residence, built during the period of the great Restoration, which followed after the devastation of the cities in the second half of the 3rd centuries.

The houses in Stobi are characterized by a central peristyle with plenty of vegetation and richly decorated fountains. It was surrounded by other rooms, including the apsidal triclinium and open luxurious exedras.

Those houses find their closest analogies in the cities of North Africa, where a large number of luxurious Roman houses was discovered. They avoid the strict axial ground plan, and the peristyle is the basic space around which all the other rooms cluster.

In the late 4th century all the Late Roman buildings from Stobi were deserted by their owners and partitioned with primitive walls into smaller flats. Thus they bast their farmer glory. In the middle of the 5th century they were destroyed, and over their ruins smaller houses and huts were built.







Сл.1 Стоби. Т.н. Куќа на Партениј. Основа.(Репрезентативен дел според Б.Несторовиќ, економски дел според И.Микулчиќ и лични опсервации на авторот).





Сл. 2  Стоби. Т.н. Куќа на Партениј.
Можна реконструкција

СГМ




Сл. 3 Стоби. Т.н. Куќа на Партениј. Северен репрезентативен дел, пресек.
( Реконструкција според Б.Несторовиќ).

С.Г.М.



Сл. 4 Стоби Т.н.Куќа на Партениј. Мал перистил, аксонометрија. (Според реконструкцијата на Б.Несторовиќ)

СГМ




Сл. 5 Стоби. Т.н. Куќа на Партениј. Тордирани капители од големиот перистил. (Според теренските снимки на В.Лилчиќ, исцртала С.Герасимова-Матеска).

СГМ.







Сл.6 Стоби. Т.н. Куќа на Перистерија, основа. (Според И.Микулчиќ-В.Соколовска; дополнето и разработено од авторот).



Сл.7 Стоби. Т.н. Куќа на Перистерија. Можна реконструкција на перистилот СГМ.




Сл. 8 Стоби. Т.н. Куќа на Полихарм. Основа со преградувања од доцниот 4.-5. век (шрафирано). (Според Е.Кицингер, А.Магерле, Р.Пашиќ-Винчиќ). СГМ




СГМ

Сл. 9 Стоби. Т.н. Куḱа на Полихарм. Аксонометрија на репрезентативната фаза




Сл. 10 Стоби. Т.н. Куќа на Полихарм. Можна реконструкција. СГМ




Сл.11 Стоби. Т.н. Домус Фулоника. Основа. Преградувањата во доцниот 4.-ран 5. век се шрафирани (Според И.Микулчиќ). СГМ.




Сл. 12 Стоби. Т.н. Домус Фулоника. Пресек низ големиот триклиниум.
(Реконструкција според И.Микулчиќ) СГМ.



Сл.13 Стоби. Т.н. Домус Фулоника. Голем триклиниум. Можна реконструкција. СГМ.




Сл.14 Стоби. Т.н. Епископска резиденција и малата апсидална зграда. Основа. (Доцнежните преградни ѕидчиња не се внесени). (Според Ф.П.Хеманс). СГМ.